# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО 2023 ГОДИНА

КРАТОК ДОКУМЕНТ
ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

# Краток документ за јавни политики Состојбата со говорот на омраза во 2023 година

## Хелсиншки комитет за човекови права

## Скопје
## јануари 2024

*This publication was funded by the European Union. Its contents are the sole responsibility of the Helsinki Committee for Human Rights Skopje and do not necessarily reflect the views of the European Union.*

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во 2023 година на платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани 1171 пријава за говор на омраза. Најголем дел од пријавите се однесуваат на етничка припадност (646), сексуална ориентација и родов идентитет (248), национална припадност (275), политичко уверување (149) и род и пол (80). Говорот на омраза особено се интензивираше за време на настани со висока видливост како што се Скопје Прајд, спортски натпревари и јавни изјави на политички актери. И покрај бројните пријави, институционалниот одговор остана слаб – обвинителството речиси воопшто не презема активности по службена должност.

КЛУЧНИ НАОДИ:

- 1171 пријава: најмногу по етничка припадност (55%) и сексуална ориентација/родов идентитет (21%).
- Јавни настани, избори и медиумски кампањи се најчесто поводот за пораст на омраза.
- Значително зголемување на говорот на омраза во јуни – месецот на гордоста.
- Само 8 пријави до обвинителство; 7 остануваат без епилог.
- КСЗД обработила само 3 случаи, од кои еден резултирал со мислење за дискриминација.
- Поднесена жалба до Европскиот суд за човекови права против изјава од лидер на политичка партија Интегра која содржи говор на омраза.
- Две објавени анализи откриваат институционален и законски јаз во справување со говор на омраза.

# Детален преглед на состојбата со говорот на омраза

Анализирајќи ги случаите на говор на омраза врз основа на етничка припадност се забележува дека овој феномен произлегува како резултат на недостатокот на критичка мисла и изразување незадоволство кон државните власти и нејзините политики; преовладуваат предрасуди и стереотипи кон различните етнички заедници, кои најчесто се претставени како „злото“ во државата и како причина за нефункционалноста на системот. Навредите на етничка основа најчесто имаат и политички контекст. Во регистрираните случаи се забележува и дискурс што се навраќа на воениот конфликт од 2001 и го интензивира говорот на омраза

Одредени настани го зајакнуваат етнички заснованиот говор на омраза, како што беа навредите и злонамерниот говор кон двете најголеми етнички заедници откако беше објавена веста за снабдувањето со електрична енергија на ЕВН во доминантно албанското село Слупчане, или поставувањето на знамето на Голема Албанија по повод пречекот на премиерот на Косово и веста за отворање улица во Тетово од страна на градоначалникот на Тетово, кога во публиката се вееше знамето на Голема Албанија.

Говорот на омраза е широко распространет и видлив на спортски натпревари, како што беше фудбалскиот натпревар меѓу Вардар и Шкупи, каде што навредливи националистички слогани предизвикаа меѓуетнички тензии и говор на омраза на социјалните мрежи.

Втор најзастапен е говорот на омраза кон сексуалните малцинства и луѓето со различни родови идентитети во државата; регистрирани беа 298 случаи или 19% од вкупниот број пријави на говор на омраза. Во коментарите на социјалните мрежи се забележува изразување згрозеност кон ЛГБТИ заедницата, како резултат на предрасудите и лажните вести кои се шират против оваа заедница.
Бројот на случаи на говор на омраза покажува тренд на зголемување во одредени периоди, како што е Меѓународниот ден на видливост на трансродовите лица на 31 март, кога се одржува годинешниот Маршот за видливост на трансродовите лица. На социјалните мрежи беше забележан трансфобичен говор, кој беше проследен со дезинформации што поттикнуваат омраза и згрозеност кон оваа маргинализирана група граѓани.

Предрасудите кон ЛГБТИ заедницата беа особено видливи на 17 мај - Меѓународниот ден против хомофобијата, трансфобија и бифобијата. Во јуни, месецот на гордоста, беше регистриран рекорден број од 105 случаи (57%) на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, како и 46 случаи (25%) поради етничка припадност и 13 (7%) случаи врз основа на национална припадност.

Предрасудите кон ЛГБТИ+ заедницата излегоа на виделина и говорот на омраза се зголеми пропорционално со видливоста на оваа заедница. Од прес-конференцијата за најавата на Парадата на гордоста на 4 јуни, па сѐ до Парадата на гордоста на 24 јуни, беа забележани коментари поттикнуваат омраза, омаловажување, повикуваат на насилство и ликвидација на оваа заедница. Иако говорот на омраза на социјалните мрежи насочен кон оваа заедница беше многу распространет, обвинителството не покрена ниту една постапка по службена должност за заштита на оваа заедница од говорот на омраза.

Во овој период беа пријавени 8 (осум) случаи до ОЈО Скопје и до ОЈО Гостивар и 3 (три) случаи на вознемирувачки говор пријавени до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Од 8 пријави до јавното обвинителство, 4 се однесуваат на говор на омраза поради сексуална ориентација, 2 поради етничка припадност, 1 врз основа на пол и 1 по повеќе основи и тоа сексуална ориентација и пол и род.

5 од пријавите се кривични пријави за сторено дело Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем од член 394г од Кривичниот законик; 2 кривични пријави за сторено дело Предизвикување национална, расна или верска омраза, раздор и нетрпеливост од член 319 од КЗ, една кривична пријава за сторено дело Предизвикување национална, расна или верска омраза, раздор и нетрпеливост од член 319 во однос со кривичното дело Загрозување на сигурноста сторено од омраза од член 144(3) од Кривичниот законик и една кривична пријава за сторено дело Одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства од член 407-а од Кривичниот законик во врска со делото Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем од член 394г од Кривичниот законик.

Една пријава врз основа на сексуална ориентација беше отфрлена од јавното обвинителство, додека останатите 7 се сè уште во постапка.

Од 3 случаи на вознемирувачки говор пријавени до КСЗД, 2 се врз основа на сексуална ориентација и еден врз основ на род. Во еден од тие случаи, КСЗД донесе мислење дека е сторена дискриминација во форма на вознемирувачки говор од страна на политичката партија Интегра против ЛГБТИ+ лицата. Останатите 2 пријави се отфрлени поради неуредност на претставките. Оттука се јавува и предизвикот за поднесување претставки за вознемирувачки говор онлајн на социјалните мрежи, во услови кога Комисијата нема механизам за пронаоѓање на адресата на сторителите.

Еден стратешки случај беше започнат пред домашните правосудни органи и подоцна пред Европскиот суд за човекови права.

## Стратешко застапување

Жалителката е активистка за човекови права и права на ЛГБТИ заедницата во Република Северна Македонија, која целата своја професионална кариера ја има поминато за нивно унапредување и заштита, а воедно е отворена за својата сексуална ориентација како лезбејка. Во моментот на настанот, жалителката беше вработена во Хелсиншкиот комитет за човекови права.

На ден 11.04.2023 година лицето Љупчо Ристовски, како Претседател на политичка партија Интерга дал изјава која е пренесена и објавена од повеќе електронски медиуми - интернет портали и тоа: www.24info.mk, www.a1on.mk, www.netpress.com.mk и www.vecer.press,

со наслов „Непримерен притисок врз јавноста со ЛГБТ+ медиумските кампањи“, со која шири говор на омраза против лицата припадници на ЛГБТИ+ заедницата. Во изјавата пренесена од интернет порталите политичката партија Интегра и лидерот Љупчо Ристовски, реагира и укажува дека се прави непримерен притисок врз македонската јавност од страна на американската амбасада во корист на активностите на ЛГБТИ+ заедницата, нарекувајќи ги нивните активности и сексулната ориентација „неприродни“, „противприродни“ и извитоперени безумија кои треба да останат во приватната сфера и да престанат да ги натураат на македонското општество. Притоа во изјавата се наведува дека со медиумски кампањи се трујат децата и потомството со искривени и ѓаволски погледи на светот, алудирајќи на погледите и вредностите на ЛГБТ+ заедницата. Притоа преку изјавите со хомофобичен контекст, се повикува дека не смее да се дозволи „ненормалното да станува нормално“, а „нормалното да е под мобинг од ненормалното“ како и дека тоа зло (мислејќи на хомосексуалноста) мора да се сопре и сосече во корен, пред сѐ поради идните генерации. Воедно во изјавата се истакнува дека на сегашните и идните генерации треба да им се обезбедат услови за правилен раст и развој и да се воспитуваат во нормален и пристоен поглед на свет, алудирајќи на тоа дека погледот на светот на припадниците на ЛГБТ+ заедницата е ненормален и непристоен и претставува страничен експеримент на умот

По повод оваа изјава од страна жалителката и жалителот Хелсиншки комитет за човекови права во април 2023 година до Основно јавно обвинителство Скопје беше поднесена кривична пријава против Политичка партија Интегра и претседателот на истата Љупчо Ристовски за кривично дело „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на комјутерски систем“ од член 394г од Кривичниот Законик.

Постапувајќи по кривичната пријава, Основното јавно обвинителство преку надлежниот јавен обвинител донесе решение во јуни 2023 година со кое кривичната пријава се отфрла бидејќи пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, со образложение дека не може да се утврди ниту едно дејствие на ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на комјутерски систем кој би промовирал и поттикнувал омраза кон оштетените, туку дека станува збор за неодобрување, неприфаќање на активностите на ЛГБТИ заедницата преку изразување на лично мислење за оваа заедница.

Незадоволни од вака донесената одлука на Основно јавно обвинитество Скопје, жалителите поднесоа жалба до Вишото јавно обвинителство Скопје. Постапувајќи по жалбата Вишото јавно обвинителство Скопје ја одби жалбата како неоснована, и го потврди првостепеното Решение. Причините за одбивање се идентични со оние наведени во решението со кое се отфрла кривичната пријава донесено од Основно јавно обвинителство Скопје, без соодветно проучување и испитување на жалбените наводи.
Со тоа одлуката да не се поведе кривична постапка против пријавените пред надлежните судови во Република Северна Македонија стана конечна и против оваа одлука се исцрпени сите правни средства согласно домашната регулатива, со што Република Северна Македонија уште еднаш како дел од хронична појава остава да поминат неказнети вакви тенденционзни појави на ширење на говор на омраза со која припадниците на ЛГБТИ заедницата се карактеризираат како ненормални и непристојни. Поради ова, жалителката и Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесоа жалба до Европскиот суд за човекови права за повреда на членот 8 „Право на почитување на приватниот и семејниот живот“, членот 14 „Забрана на дискриминација“ и членот 17 „Забрана на злоупотреба на правата“ од Европската конвенција за човекови права.

# Заклучоци

1. **Социјалните мрежи се најчесто место за ширење на говор на омраза, без соодветна институционална контрола.**
2. **ЛГБТИК+ заедницата се соочува со организирани и системски напади во онлајн просторот.**
3. **Јавното обвинителство не реагира навремено и не ја препознава сериозноста на делата.**
4. **Постојат значајни законски и институционални пречки за ефикасно процесирање.**
5. **Потребна е координирана национална стратегија заснована на податоци, анализа и меѓународни стандарди.**

# ПРЕПОРАКИ

- Усвојување на национална стратегија за борба против говор на омраза.
- Јакнење на капацитетите на обвинителството, полицијата и КСЗД за постапување по говор на омраза.
- Механизам за идентификација и следење на сторителите на социјалните мрежи.
- Промени во Кривичниот законик за прецизно дефинирање на говор на омраза како кривично дело.
- Развој на алатки за евиденција и следење на случаи од страна на институциите.
- Поддршка за стратешко застапување и постапки пред национални и меѓународни судови.
- Образовни програми и медиумска писменост за борба против стереотипи и предрасуди.
- Редовни институционални извештаи и транспарентност во постапувањето.

Funded by
the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Зајакнување на националните
заштитни механизми против
говор на омраза

ХЕЛСИНШКИ
КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ
ПРАВА